Врз основа на член 191, став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), и член 10, ставови (6) и (8) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19 и 93/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 5 октомври 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. Со ова решение важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08-102/19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/19 и 205/21), на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, се продолжува до 31 декември 2021 година согласно Известување од Министерство за економија со арх.бр. 12-1265/4 од 1 октомври 2021 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен.
2. Ова решение да се достави до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје согласно член 10 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа на 1 октомври 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител УП1 бр.08-102/19 за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 407“ со реф. бр. 407, заведено под архивски број УП1 бр.08 – 102/19 од 1 октомври 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 7 октомври 2019 година одржа седница на која донесе Решение за стекнување на привремен статус на повластен производител за хидроелектроцентралата „ХЕЦ 407“ со реф. бр. 407 со планирана моќност од 1499 kW и со локација на водотекот на река Пена-Вардар, с. Селце, општина Тетово, на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со рок на важење до 19 април 2020 година, УП1 бр.08 – 102/19, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/19.

Регулаторната комисија за енергетика на 26 август 2021 година одржа седница на која донесе Решение за изменување и продолжување на важноста на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со кое важноста се продолжува до 5 октомври 2021 година УП1 бр.08-102/19 од 26 август 2021 година, објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 205/21.

Друштвото за производство на енергија ЦММ ЕНЕРЃИ КОМПАНИ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, на 1 октомври 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика со допис бр. УП1 08-102/19 достави Известување од Министерство за економија со арх.бр. 12-1265/4

од 1 октомври 2021 година во кое е наведено дека рокот за започнување со комерцијална работа на објектот е продолжен до 31 декември 2021 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител е комплетно и одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 08-102/19**

**5 октомври 2021 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**